Агенцијата Грej Ворлдвајд организира и реализира предавања на ученичките од шесто одделение како составен дел од Always Училишната Програма, под покровителство на Procter& Gamble. Предавањата се однесуваат за личната хигиена и грижата за време на пубертетот од страна на модератор со психолошко, медицинско или педагошко образование.Целта на оваа програма е да ги информира девојчињата за физичките и емотивните промени со кои се соочуваат за време на пубертетот, и да ги едуцира во однос на нивната хигиена.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување на ден **17.04.2019** год. (среда) во училиштето беше одржана вежбовна активност-евакуација на учениците и вработените во случај на земјотрес. Целта на вежбата беше брзо реагирање и планско и безбедно

преместување на учениците и вработените од загрозеното место (училиштето) на безбедно место (собирно место-игралиштето во училишниот двор). Евакуацијата започна со огласување на алармот за опасност при што започна безбедното напуштање на училишната зграда од страна на учениците и вработените, по претходно утврден план. Извршители на евакуацијата беа командантот (директорот на училиштето) и командирите кои се дел од персоналниот штаб за заштита и спасување на ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“-Скопје.





На ден 23 Мај 2019 година, учениците од петтите и шестите одделенија земаа учество во театарска претстава насловена „Снежана и седумте џуџиња“ со изведба во просториите на Ц.С.И. „Надеж“. Истата претстава доживеа уште една изведба на 27 Мај со гостување во Германската амбасада. Претставници од нашето училиште учествуваа на свеченоста

Соработката со невладината организација ,,Надеж” продолжи и оваа учебна година преку постојана помош на нашите ученици во извршување на нивните домашни задачи и континуирано следење на нивниот успех и постигнувањата во текот на целата учебна година.

Педагогот и психологот на училиштето на почетокот на учебната година ги посетија сите невладини организации кои работат на територијата на Општината (Umbrella, Надеж, Црвен крст, СОС Детско село и градинката ,,8-ми Април”). Тие реализираа средби со родителите чии деца оваа учебна година ќе појдат во прво одделение. На средбите родителите беа запознаени со документацијата која е потребна за упис, начинот на работа на училиштето, а исто така одговараа на прашања од родителите.

За упис на учениците во прво одделение беше формирана комисија во состав од педагогот, психологот и одделенски наставници кои водат прво одделение.

7. Професионелен развој на наставниците и стручните соработници

Стручното усовршување на наставниот кадар и стручните соработници се остваруваше преку: индивидуално стручно усовршување со следење на стручна литература и списанија, интерно стручно усовршување со работата на стручните активи, екстерно стручно усовршување со посета и учество на семинари, советувања организирани од Бирото за развој на образованието и други институции.Индивидуалнотостручноусовршувањенавоспитнообразовнниоткадарвоучилиштетосеостваруваше прекуследењенаедукативнитевебстранипрекуинтернетстручналитератураисписанија.Интерното стручно усовршување на образовниот кадар во училиштето го остваруваше во рамките на работатанастручнитеактивипрекуреализацијана методичкиработилницизасоодветнистручнитеми,прекупоставувањенатемизаразговор,какоизаразменанаискуствамеѓунаставн ицитеоддобрипримери напрактика.Тимотзапрофесионаленразвојгосогледуваше,планирашеиорганизирашеинтерностручноусовршувањенанаставниц ите.ЕкстернотостручноусовршувањесевршешепрекусоработкасоБиротозаразвојнаобразованиетокое организирашесеминариобукизаунапредувањенавоспитнообразовнатаработа,прифаќањепроектии нивнопроширување.

На ден 27.03.2019 год. во училиштето беше одржана обука за сите вработени од страна на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување во следниов состав:

Презентер: Слободан Вуковиќ - Раководител на одделението за обуки при Дирекцијата за заштита и спасување. Негови помошници: Рамадан Асани, Софија Марковска и Јасмина Аргировска.

Целта на обуката беше оспособување за постапки и правила за заштита, спасување и помош во случај на елементарни непогоди, стекнување на знаења за вежбовни активности при елементарни непогоди.

Обуката беше во траење од два ипол часа и се состоеше од неколку главни теми за едукација:

- Основна обука за заштита и спасување
- Евакуација на безбедно место
- Пожар





Во хотелот “Порта” на ден 27.03.2019 година, беше одржана промоцијата на прирачникот насловен “Позитивно родителство”, издаден од страна на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. На промоцијата беше покането и нашето училиште ОУ”Браќа Рамиз – Хамид” – Шуто Оризари, Скопје а како претставници на истото беа предметниот наставник по информатика Мирослав Андреевски, предметниот наставник по јазик и култура на Ромите Сејдо Јашаров и предметниот наставник по англиски јазик Елена Алулоска. Истиот е краток, концизен и содржи практични примери кои ќе им бидат од помош и поддршка на родителите. Целта на неговата промоција е да се зголеми свесноста за важноста на одговорното родителство во насока на најдобриот интерес на децата.

На ден 30.03.2019 година во просториите на Основното училиште “Браќа Рамиз – Хамид” – Шуто Оризари, Скопје, беше одржана работилница на тема “Вовед во ресторативна правда и методолошка помош и поддршка на професионалците”. Работилницата беше одржана од страна на Катерина Конеска и Јана Зенговска, правник и психолог во Првата детска амбасада во светот Меѓаши. На работилницата присуствуваа дел од колективот на училиштето заедно со училишниот педагог Валентина Златановска. Наставниците ги искажуваа своите искуства со одредени ситуации и дискутираа за принципите на резилиентности на ресторативна правда а посебен акцент беше ставен на меѓуврсничкото насилство и справување со истото во одредени ситуации.




Од областа на поддршка на професионалниот разој и соработка во училиштето се водеше документација за професионалниот развој на наставниците. Беше изготвена програма за работа.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВЕН КАДАР И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Тимот за професионален развој на 31.08.2018 година ја изготви програмата на Тимот во рамките на Годишната програма на училиштето за учебната 2018/19 година. Психологот Оливера Петрушевска по согледаните извештаи од претходната учебна година изнесе приоритети за активности, задачи и конкретни цели. Индивидуално образовниот кадар изговуваше лични планови за професионален развој.

Инклузивниот тим спроведуваше едукација на наставниците за работа со деца со посебни потреби. Што се однесува до стимулацијата и раната идентификација, има список на талентирани и надарени ученици, но нужна е екстерна обука на образовниот кадар на конкрената тема. Индивидуален развој и едукација постои,но темата треба да биде реализирана за сите наставници и стручни соработници. Милка Тримчевска реализираше интерна обука на тема „Изготвување на личен план за професионален развој“. Присутните се стекнаа со потврда за учество на интерната обука.

Наставници од училиштето со поддршка од менаџерскиот тим беа упатени на обука за Практична примена наколаборативна алатка GoogleDrive и успешно ја завршија обуката. Изработена е стратегија за вклучување на родителите и локалната заедница преку членот на Тимот, Тримчевска, координаторот на Кампања за намалено отсуство од настава на учениците. Милка Тримчевска реализираше презентација на Кампањата „Сите на час“ пред наставничкиот кадар,се организираа дебати и завршен настан со презентација на извештајот. Членот на тимот за професионален развој, Тримчевска учествуваше и на состаноци за апликација за проекти како поддршка на училиштето. Членот наТимот, Емилија Тасевска-Петковска со координација со Еко тимот придонесе за поддршка на наставниците за интегрирање на еколошки цели во редовните наставни часови.

Тимот за професионален развој работеше на мотивирање на кадарот за професионален развој преку неформално образование, понуди, дискусии и конкретни насоки. Исто така, тимот го следеше и промовираше професионалниот развој на сите наставници.

Член на тимот за професионален развој

м-р Милка Тримчевска

8. СЕМИНАРИ, ПРОЕКТИ И ОБУКИ

Во рамките на програмата на Европската Унија ,,Европа за граѓаните”, МОН го спроведе проектот ,,Беит” (Патувачка училница), кој има за цел да ги трансформира местата од историско и културно наследство во платформи за дијалог и дебата. Целна група се ученици од основните погорни одделенија и ученици од средните училишта во кое учество зедоа ученици од нашето училиште со одговорниот наставник Илчо Несторовски, преку промовирање на учење преку дијалог, интеркултурализам и почитување на цивилизациските вредности на основите на кинематографскиот јазик (снимање на наследството и интервјуа со локалните жители). Во периодот од 17.09. до 05.10.2018 година учениците земаа учество во подготовка и презентација на аудио-визуелен материјал каде им беа доделени сертификати на учениците и благодарница на училиштето.

Согласно програмата за годишната работа, Македонско географско друштво. На 20 март 2019 година во просториите на Природно-математички факултет во Скопје се одржа пролетниот семинар за професорите по географија Во програмата за работа беа проследени следниве предавања на семинарот:

- ***“Особености на работната сила во Република Македонија-трендови и предизвици”***
- ***“Улогата на наставникот по географија во истажување и документирање на локалната географија”***
- ***“Практична примена на учебникот во наставата по географија “***

Учесници на семинарот беа наставниците: Весна Илиевска, Ирена Трајковска, Гордана Латинска и Татјана Раевска.



Во организација од Првата детска амбасада во светот Меѓаши беше одржана обука и работилница на тема “Ресторативна правда и резилиентен пристап во работа со деца и адолесценти кои претрпеле траума” на ден 19.03.2019 (Вторник) и 20.03.2019 (Среда) во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар, во која учество земаа училишниот педагог Валентина Златановска, предметниот наставник по информатика Мирослав Андреевски, предметниот наставник по вештини на живеење Радица Бошњакоска и предметниот наставник по англиски јазик Елена Алулоска. Целта на обуката беше дефинирање на поимите ресторативна правда и резилиентност каде акцент беше ставен на ресторативната конверзација и примената на резилиентноста како форма за превенција на насилство кај деца и адолесценти.

Наставници-претставници од одделенска и предметна настава учествуваа на обука организирана од страна на Проектот за вклучување на Ромите и мигрантите во училиштата Еразмус+, со фокус на следните теми: Градење на интеркултурни вештини и компетенции во справување со различности; настава во мултикултурна средина и надминување на стереотипи и предрасуди, на ден 11.06.2019 година.

9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

- Приредба во чест на првиот училишен ден – организиран пречек на учениците во училиштето;
- По повод Меѓународниот ден „Македонија без отпад“- 15ти септември, се организираше акција за расчистување на училиштето и училишниот двор. Во оваа активност учество зедоа учениците од вторите и четвртите одделенија.





- Одбележување на денот на независноста на Република Македонија 8-ми Септември;
- Приредба по повод 22 години од формирањето на општината Шуто Оризари како посебна единица на локалната самоуправа во рамките на градот Скопје беше одржана на 12.09.2018 година;
- По повод Светскиот ден на детето 1-ви Октомври 2018 година сите класни раководители на класниот час го одбележија денот со истакнување на одредбите од Конвенцијата за правата на детето;
- Организирана приредба по повод прием на првачињата во Детската организација на ден 05.октомври 2018;
- Литературно читање по повод празникот 11-ти Октомври;
- Работилница реализирана со учениците од првите одделенија – изработка на есенски украси

- На ден 16.10.2018 беше одржана работилница насловена “Здрава храна за детство без маана” по повод “Светскиот Ден на храната”. Во работилницата учествуваа учениците од второ и четврто одделение. Целта на работилницата беше на учениците да им се зголеми знаењето за важноста и придобивките од консумирањето на здрава храна.





- На ден 19.10.2018 година се одбележа „Меѓународниот ден на пешаците“ со група наставници и ученици како активност на Еко одборот на училиштето;

- Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Р.Македонија организира и реализира активности во нашето училиште со учениците од почетните одделенија со цел подигнување на јавната свест за безбедно учество во сообраќајот на тема „Кампања за поголема безбедност на децата во сообраќајот-акција „безбедни првачиња“ и донира флуоресцентним елечиња на учениците од прво одделение во трајно користење во соработка со Триглав Осигурување АД-Скопје.




- Одбележување на празникот 23- ти Октомври – Денот на Македонската Револуционерна борба;

- Во месец октомври извршено е активно следење за потрошувачката на електрична енергија во нашето училиште. Учениците Омер Усеинов и Рикардо Хусеин V1 секојдневно ја проверуваа економичноста на користење на светлата во двете училишта. Извршена е и проверка на функционирање на прозорците и вратите. Од ова едномесечно следење констатирано е дека светилките во училниците рационално се користат, вратите и прозорците во новиот дел на училиштето се во функција. Следењето е извршено во месец октомври и не е земено во предвид рационалното користење на парното во училиштето.

- Минути посветени на 13-ти Ноември - одбележување на денот на ослободувањето на градот Скопје (13 Ноември)

- На ден 23.11 2018 год. беше одржана еко-едукација од страна на друштвото за управување со отпад “НУЛА ОТПАД”. Во текот на едукацијата беа вклучени учениците, наставничкиот тим членови на еко-одборот, педагошката служба и директорот на училитето.Целта на оваа едукација беше заедно да се мотивираме да го користиме концептот на “НУЛА ОТПАД” за правилно упправување со отпадните батерии, акумулатори, отпадна електронска и електрична опрема . На овој начин учениците и останатите се стекнаа со нови информации многу важни за секојдневниот живот, односно како да се елиминира загадувањето на почвата, водата и воздухот како начин за заштита на здравјето на луѓето, животните и планетата во целина.





- Изработка на дизајнирани пораки за рационално користење на водата:,,Штеди вода – тоа значи живот” (со учениците од третите одделенија);
- Работилница со наслов:,,ЕУ за Тебе” (реализирана од учениците од четвртите одделенија;
- Одбележување на Меѓународниот ден на мирот – разговор на тема:,,Мир во Светот”;

- Работилница:,,Како да ги одржуваме и негуваме забите?”, со учениците од четвртите одделенија, реализирана во Поликлиниката Чаир.

- Реализиран квиз – натпревар по македонски јазик со учениците од петтите одделенија;

-Изработка на Новогодишни украси и украсување на училишните простории и изработка на предмети за Новогодишниот базар;
-Учество на Новогодишниот базар;

По повод Новогодишните празници во нашето училиште се реализираа два типа на активности со одговорните наставници и учениците – организирање и изведба на Новогодишна претстава со наслов „Дедо Мраз е од Шутка”,во режија на помошник директорот Санела Емин и Новогодишен продажен базар, проследен со музичка програма.

Во склоп на законот за заштита од вознемирување на работното место во активите на седмо и осмо одделение беа одржани активности во форма на предавање на тема:,,Мобинг, како да се препознае и спречи”. Истото предавање беше во корелација со злоупотребата на детските права во борбата против сексуалното вознемирување. Целта беше да се запознаат учениците со терминот ,,мобинг” и да умее да се спречи било каква злоупотреба кај децата.


Поради нередовноста на голем број ученици во нашето училиште каде се гледа многу сериозен и загрижувачки проблем., раководството на училиштето почна кампања наречена “Сите на настава”.Милка Тримчевска – библиотекар е координатор на кампањата. Целта на кампањата е да се подигне свеста кај родителите за вклученост и редовна посета во

наставата на учениците.Кампањата “Сите на настава” е поддржана од Министерството за образование и од Општина Шуто Оризари.

На 5 март 2019 година беше успешно спроведена работилницата по повод одбележување на Светскиот ден на заштеда на електричната енергија, каде активно учество земаа учениците од активот на трето и второ одделение со нивните одделенски раководители.







На ден 21.03.2019 год. по повод Ден на пролетта и екологијата,во училиштето се изведоа активности во холот и во застаклениот дел на приземјето на училиштето. Предавањата и презентациите беа изведени во присуство на ученици кои имаа редовна настава во текот на денот и вработените од техничкиот персонал:Убавка, Себастијан...

Предавањата ја опфатија темата селектирање, складирање и рециклирање на отпадот и компостирање на органската храна и производство на компост во училиштето. На присутните им беше укажано на важноста од одржување на хигиената во училиштето и во населбата, а со тоа и на градот и нашата земја, дека ако во секоја средина, микрокосмос, се посвети соодветното внимание и грижа, ќе се воспостави културата на живеење и развој на еколошката свест.

Во училиштето е започнат во текот на годината и процесот на компостирањена органската храна и се надгледува истиот.

Се спроведе и акција во која беа засадени нови садници. Откако беа засадени садниците, учениците добија понатамошни инструкции од одговорните наставници за начинот на негување и грижа на садниците.



Учениците од второ одделение радосно ја пречекаа пролетта на ден 21.03.2019 год.Вредните ученици го прославија денот на пристигнување на пролетта,а воедно и денот на екологија.Низа активности беа подготвени за нив,а тие со задоволство ги прифатија и остварија истите.




По повод светски ден на заштеда на водите на 22 март 2019 година,успешно се спроведе работилницаво која активно учество земаа учениците од активот на трето одделение од нашето училиште.




Одбележан беше и денот на шегата 1 Април со маскирани ученици, многу насмеани лица, врачени награди за најуспешните маски и направено дефиле со посета на градоначалникот на Општина Шуто Оризари.






По повод 8ми Април –Светскиот ден на Ромите во нашето училиште се одбележа Недела на низа активности во пероид од 02-05 Април, во кои активности учество земаа наставници и ученици. Активностите беа во форма на отворени часови, квизови по математика и натпревари по физичко образование. Учесниците на натпреварите и турнирите кои освоија

прво место добија дипломи додека наставниците – ментори добија благодарници во чест на учество и организација на истите. Дел од активностите беа: натпревари по математика по активи, турнир во мал фудбал со женски и машки екипи, отворени часови по македонски јазик, ромски јазик, германски јазик, англиски јазик,


















На ден 31.05.2019 година во нашето училиште со учениците од Активот на седмите одделенија се одржа презентација на тема „Превенција на зависност од цигари“, со цел да ги запознаеме учениците за опасностите од пушењето, а со тоа го одбележавме и Светскиот ден против пушењето.

10. ПОСЕТА НА КУЛТУРНИ ЗНАМЕНИТОСТИ И УСТАНОВИ

Во интеракција со Кустосот на Археолошкиот музеј на Македонија и одделенските наставници, учениците од четврто и петто одделение извршија посета на Археолошкиот музеј на Македонија со цел стекнување на нови знаења, дополнување на знаењата преку

музејските поставки од оригинални артефакти, хронолошки подредени до восочни фигури и уметнички слики на дадени историски настани. Посетата помина во пријатна атмосфера во која учениците не само што имаа можност на еден поинаков начин да дојдат до нови знаења туку можеа и да се дружат и да си ги разменат своите знаења со други ученици.

Според Годишниот план и програма за работа по предметите биологија и природни науки, каде е предвидено посета на Зоолошката градина, истата беше реализирана на ден 19.10.2018 година со ученици од шесто до девето одделение кои покажуваат посебен интерес за предметите и одговорните наставници Кристина Зафировска, Тања Темелковска и Веска Гулабовска –Макридис.

На ден 26.12.2018година во согласност со Наставната програма по хемија се реализира посета на Хемиската лабораторија – органска хемија при Технолошко – металуршкиот факултет во Скопје, во организација на наставниците по хемија Габриела Апостоловска и Ана Неделковска, заедно со учениците од осмо и деветто одделение. Целта на оваа посета беше учениците да се запознаат и да се стекнат со правилата и начинот на работа во лабораторија, да иследат изведба на еден хемиски експеримент од страна на стручно лице, да се запознаат со лабораторискиот прибор и да стекнат мотивација за надградба на понатамошните знаења и професионална ориентација. По запознавање со правилата и работата во лабораторијата и со лабораторискиот прибор, учениците ги проследија експериментите: Синтеза на „Аспирин“ и синтеза на „Нафтолоранж“ (боја за боење на ткаенина) . Учениците се стекнаа со проширени и нови знаења по предметот хемија.



Во соработка со наставничката по природни науки, учениците од петитте одделенија реализираа посета на Планетариум.

На ден 13.03.2019 година наставникот по физичко и здравствено образование Ристе Дамчевски присуствуваше во промоција на спортскиот клуб од нашето училиште во емисија на Sportsko radio 90.3 fm кој е формиран од неодамна и започна со учество во „Училишните спортски лиги“ во организација на Федерација за училишен спорт на Република Република Северна Македонија.



Активот на петто одделение на ден 21 март го посетија Собранието на Република Северна Македонија и се запознаа поконктетно со функционирањето на Владата на Р.С..Македонија.



Активот на четвртите одделенија ја посетија Општината Шуто Оризари, каде го проширија своето стекнато знаење за постоење и начинот на функционирање на институциите.





Согласно годишната програмата за работа, по изборниот предмет-Истражување на родниот крај, наставниот предмет-Ликовно образование како и Одделенскиот час, направена е посета на Археолошкиот Музеј на Македонија Старата Скопска Чаршија, Црквата Св. Спас и Мустафа Паша Џамија на ден 18.04.2019 година со учениците од ОУ Браќа Рамиз-Хамид, Скопје (VII-8, VIII-1 и VIII-2 одделение)под менторство на Весна Илиевска, Даниела Јордановска Стојаноска и Валентина Златановска.

Целта на посетата на посетата беше: Да се согледа значењето на културните настани во родниот крај (изложби, музејски поставки, престави во театар, филм, фестивали промоции на книги музички настани и др.), да се разберат постапките

при организирањето на еден културен настан, да се сознае економското и социјалното значење на културните настани во локалната заедница и соодветно да се однесува пред, за време и по културниот настан.



Планираната есенска екскурзија беше реализирана со учениците од I-IX одделение во излетничкото место Пеленица, додека пролетна беше реализирана на ден 11.05.2019 година. во Марков Манастир. Екскурзијата беше од ликовно - креативен карактер со спроведени активности под мотото „Ајде да се дружиме“.

Целта беше преку изработки на рачни ракотворби учениците да ја истакнат својата креативност и иновативност, која секако е резултат на поттикот и мотивацијата која ја даваат наставниците. Со оваа екскурзија дојде и до зближување на учениците меѓу себе,другарување на учениците со ученици од други паралелки, зближување со наставниците - со што целта на истата се оствари, а со тоа се разбира беа задоволни како наставниците, така и учениците. Ова поттикна и идеи за во иднина да има почесто вакви активности.





Текот на екскурзијата беше однапред испланиран и се реализираше воопуштена атмосфера каде што сите уживаа.





На ден 31.05.2019 годинаучениците од второ ,четврто и прво одделение ја посетија зоолошката градина во Скопје.Во соработка со ЈСП, возбудени и весели, учениците пристигнаа во светот на животните.





Целта на посетата беше учениците да се запознаат со животните,да ги истражуваат видовите животни, нивната животна средина и нивните живеалишта.

Ученицитегинабљудувааживотните и сеедуцираазаначинотнаисхрана , местотонаживеење и начинотначувањеодстрананавработенитево ЗОО.

Посетата на зоолошката градина беше полна со впечатоци за нашите драги ученици.

Изработил:

Актив II;III и IVодделение

11. УЧЕСТВО ВО НАТПРЕВАРИ И ОСВОЕНИ НАГРАДИ

Оваа учебна година нашите ученици земаа учество на наколку натпревари а ќе учествуваат и на општински, регионални и републички натпревари по предметите биологија, природни науки, математика, хемија и англиски јазик.
По повод манифестацијата „ Ноември – месец на науката 2018“ која е наменета за сите ученици од основните и средните училишта и наставниците по природни науки, хемија, физика, биологија, географија и математика, се одржа на Природно-математичкиот факултет во Скопјево текот на три викенди во ноември 2018 година и тоа:

- 10 ноември за ученицииод I-VI одделение
- 17 ноември за ученицииод VII-IX одделение
- 24 ноември за ученицииод I-IV година

вклучувајќи повеќе настани: научно-популарни предавања, изложба и натпревар во демонстрации/изработки/експерименти/симулации/модели од ученици, презентации на искуства од наставници, работилници, посета на лаборатории на ПМФ и други активности.

На 17 ноември 2018 год. учествуваа ученици од VII-IX одд. од сите училишта на Р. Македонија во изведување на вкупно 221 експеримент од областа на хемија (124), биологија (59), географија (11) и математика (27), како и учениците од VIII и IX одд. од ОУ „Браќа Рамиз – Хамид“ Шуто Оризари Скопје заедно со нивните ментори Габриела Апостоловска и Ана Хеделковска наставници по хемија.

Нашите ученици се натпреваруваа од областа на хемијата со следните демонстрации:

Име и презиме	Одделение	Наслов на експеримент	Ментор

Лусијана Сулејман	8 -2	Каталитичко разложување на водород пероксид	Габриела Апостоловска
Пакиза Ахмед Јохаведа Сејфуловска	8 -2 8 -2	„Хемиски часовник“	Габриела Апостоловска
Даниел Абаз Јамин Сејфуловски	8 -2 8 -2	„Црна змија“	Габриела Апостоловска
Ервин Мехмед Делон Сејфулов	8 -7 8 -7	Гас и гасен притисок	Ана Неделковска
Алие Бајрам Дилбера Куртеши	9 – 1 9 – 1	„Оган на рака“	Габриела Апостоловска
Ѓулсефа Кајтаз Мукадес Куртиш	9 – 1 9 – 1	Хроматографија	Ана Неделковска

Вопредавањето„Хемиски игри“ од Марина Стојановска СХТМ во играта асоцијации учествуваа и нашите ученицииНашите ученици беаво посета на лабораториипо биологија и хемија. Учениците Пакиза Ахмед и Јохаведа Сејфуловскаод VIII одделение освоија ТРЕТА награда, Алие Бајрам и Дилбера Куртиши од IX одделение освоија ВТОРА награда.

Сите ученици и ментори добија сертификати за учество, а наградените и менторот добија дипломи за освоените награди и пригодниподароци.




На ден13.12.2018(четврток) беше одржан меѓу одделенски натпревар по македонски јазик.Од вкупно девет паралелки од петто одделение беа избрани по двајца најдоби ученици од секоја паралелка или вкупно 18 ученици.Натпреварот беше наменет за проверка на знањата на учениците од страна на македонската граматика.Натпреварот се реализираше во групи.Во текот на натпреварот имаше возбудлива борба за прво,второ и трето место.

Жири комисијата ја сочинуваа одделенските наставници:

1. Наташа Миовска
2. Азра Смајовиќ
3. Сузана Петровска

Прво место Самира Саитовска (одделенски наставник Соња Кирковска), Рефиќе Хасан (одделенски наставник Маја Ничевска), Сали Рамадан (одделенски наставник Сузана Петровска), Рамиз Мамут (одделенски наставник Ирина Чалевска –Петрушева), Алмир Зекир (одделенски наставник Христина Краљева), Рахман Зумбер (одделенски наставник Александар Јанчев),

Второ место: Шехерзаде Бекир (одделенски наставник Наташа Миовска), Сибела Али (одделенски наставник Азра Смајовиќ), Бирјанс Сулејмани (одделенски наставник Сузана Петровска), Џасмина Јашари (одделенски наставник Мануела Стојановска), Сафет Селимов (одделенски наставник Христина Краљева), Дамјан Асан (одделенски наставник Соња Кирковска),

Трето место: Ќаил Зулфи (одделенски наставник Наташа Миовска), Ди Анџело Емини (одделенски наставник Ирина Чалевска – Петрушева), Ријамандо Имер (одделенски наставник Александар Јанчев), Амина Мемедовска (одделенски наставник Азра Смајовиќ),Рахмана Јашарова (одделенски наставник Мануела Стојановска), Алмедина Јашар (одделенски наставник Маја Ничевска),

По одржаниот натпревар на победниците им беа доделени пофалници за освоено Прво, Второ и Трето место, тетратки и лозови за новогодишна лотарија за освоеното прво место.

Целта беше постигната освен што се проверија знаењата кај учениците имаше дружење,соработка,осознавање за почитување на правила во текот на натпреварот.




Планираниот училишен натпревар по хемија се одржа на 26.02.2019 год. во ОУ„Браќа Рамиз-Хамид“. Натпреварот со учениците се одвиваше во две категории:

- категорија I – ученици од осмо одделение
- категорија II – ученици од деветто одделение

На натпреварот учествуваа 18 ученици од осмо одделение и 7 ученици од деветто одделение, а организатори беа предметните наставници по хемија Габриела Апостоловска и Ана Неделковска. По завршување на натпреварот се сумираа резултатите и беше објавена следната ранг листа:

VIII одделение:

1. Сафет Асан VIII-5
2. Сефора Гарип VIII-1

IX одделение:

1. Шезо Зекир IX-1
2. Алие Бајрам IX-1

3. Марчело МустафаVIII-5



3. Мукадес Куртиш IX-1



На ден 2март2019 година, се одржа општинскиот натпревар по математика за учениците од IV до IX одделение, следат учесниците со освоените награди:

Реден број	Име и презиме	Одделение	Ментор	Вкупно бодови	Награда
1.	Нусрет Чуковски	IV	Дијана Неделковска	50	Пофалница
2.	Амин Демир	IV	Дијана Неделковска	46	Пофалница

3.	**Ди Анџело Емини**	**V**	**Ирина Чалевска-Петрушева**	**84**	**II**
4.	**Авдула Керим**	**VI**	**Катерина Наумовска**	**47**	**Пофалница**
5.	**Исак Хасан**	**IX**	**Билјана Иваноска**	**55**	**III** 10
6.	**Мукадес Куртиш**	**IX**	**Билјана Иваноска**	**55**	**III**
7.	**Шезо Зекир**	**IX**	**Билјана Иваноска**	**59**	**III**
8.	**Алие Бајрам**	**IX**	**Билјана Иваноска**	**55**	**III**
9.	**Магбера Алиевска**	**IX**	**Билјана Иваноска**	**60**	**III**

Во нашето училиште на ден 04.03.2019 година се организираше натпревар по Македонски јазик, на кој учествуваа ученици од 7-мо и 9-то одд. Натпреварот го реализира наставници по Македонски јазик: Јасмина Костадиновска и Дениз Османи.

Според добиените резултати за 7 одд. состојбата е следна:

Прво место:Перијан Јусуф -7/8 одд.

Второ место:Аљина Селман -7/5 одд.

Трето место:Адвије Ариф - 7/4 одд.

Планираниот општински натпревар по хемија се одржа на 16.03.2019 год. во ОУ „Ацо Шопов“ Бутел.

На натпреварот учениците се натпреваруваа во две категории:

- категорија I – ученици од осмо одделение
- категорија II – ученици од деветто одделение

На натпреварот учествуваа 49 ученици од осмо и деветто одделение од општините Бутел, Шуто Оризари, Чаир и Чучер Сандево.

Од нашето училиште ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ учествуваа следните ученици и ментори:

Реден број	Име и презиме	одделение	ментор
1.	Пакиза Ахмед	8-2	Габриела Апостоловска
2.	Емел Ал Сахара Мемед	8-2	Габриела Апостоловска
3.	Ѓулизар Мемедова	8-2	Габриела Апостоловска
4.	Рузмин Усеин	8-3	Габриела Апостоловска
5.	Нељмије Рамадан	8-3	Габриела Апостоловска

6.	Сафет Асан	8-5	Ана Неделковска
7.	Сара Агуш	8-5	Ана Неделковска
8.	Алие Бајрам	9-1	Габриела Апостоловска
9.	Шезо Зекир	9-1	Габриела Апостоловска
10.	Дилбера Куртеши	9-1	Габриела Апостоловска
11.	Арнела Бајрам	9-3	Габриела Апостоловска

Според објавените резултати на регионален натпреварпо првиот критериум (прво место во својата категорија во општината)се пласираа следниве ученици:

Реден број	Име и презиме	одделение	ментор
1.	Алие Бајрам	9-1	Габриела Апостоловска
2.	Шезо Зекир	9-1	Габриела Апостоловска
3.	Ѓулизар Мемедова	8-2	Габриела Апостоловска

Регионалниот натпревар ќе се одржи на 06.04.2019 год. на Институт за хемија, ПМФ, Скопје.

Во просториите на Европскиот универзитет ФОН на ден 23.03.2019 година се одржа натпревар по Англиски јазик. На натпреварот учество земаа и ученици од училиштето “Браќа Рамиз – Хамид” – Шуто Оризари. Учениците коишто учествуваа на натпреварот се Авдула Керим (ментор Јулијана Николенко), Астина Асан (ментор Панче Крстев), Сали Мемет и Сефора Гарип (ментор Елена Алулоска).



Активот на четвртите одделенија ја посетија Општината Шуто Оризари, каде го проширија своето стекнато знаење за постоење и начинот на функционирање на институциите.

Планираниот регионален натпревар по хемија за учениците од осмо и деветто одделение од регион 1 Скопје се одржа на Институт за хемија, ПМФ, Скопје на 06.04.2019 година. На регионалниот натпревар учествуваа 118 ученици од VIII одд. и 115 ученици од IX одд. од сите основни училишта од регион 1 Скопје по претходна селекција од општинскиот натпревар

Учениците од ОУ „ Браќа Рамиз – Хамид“ Шуто Оризари, Скопје се пласира на регионалниот натпревар според првиот критериум.

Реден број	Име и презиме	одделение	ментор	бодови	награда
1.	Алие Бајрам	9-1	Габриела Апостоловска	26/50	сертификат
2.	Шезо Зекир	9-1	Габриела Апостоловска	26/50	сертификат
3.	Ѓулизар Мемедова	8-2	Габриела Апостоловска	20/50	сертификат

Тестовите беа прегледани истиот ден, веднаш по регионалниот натпревар, од страна на регионалната комисија (**во чиј составучествуваше и наставникот Габриела Апостоловска**), во која членуваше и претставник на СХТМ. Прелиминарни резултати беа истакнати истиот ден на огласна табла на Институт за хемија, ПМФ, Скопје.

Реден број	Име и презиме	одделение	ментор	бодови	награда
1.	Алие Бајрам	9-1	Габриела Апостоловска	18/50	сертификат
2.	Шезо Зекир	9-1	Габриела Апостоловска	18/50	сертификат

3.	Ѓулизар Мемедова	8-2	Габриела Апостоловска	10/50	сертификат

На ден 06.04.2019 год. во ДСУГС „Раде Јовчевски –Корчагин“ ученичката Мелиса Мамуд од 8-2 одд. зема учество на **регионалниот натпревар** по македонски јазик во Скопје и освои трето место во категоријата за не мајчин јазик со 73 бода и со тоа стекна право за учество на државниот натпревар. Ученичката беше менторирана од страна на предметниот наставник по македонски јазик Соња Станковиќ.

На ден 11.05.2019 год. во Велес се одржа **Државниот натпревар** по македонски јазик. Натпреварот се одвиваше во ОУ „Блаже Конески“на и условите за неговото изведување беа извонредни. Претставник од нашето училиште беше Мелиса Мамуд од 8-2 одд. под менторство на наставникот Соња Станковиќ.На истиот Мелиса Мамуд освои 2 место во категоријата за немајчин јазик. Истовремено, менторите (наставници по македонски јазик) одржаа Годишно собрание.

На ден 03.06.2019 и 06.06.2019 се одржа Регионален натпревар во Футсал за град Скопје, во Спортската сала „Методија Андонов Ченто“ Маџари – Скопје каде учество земаа и учениците (екипата) од нашето училиште. Беа одиграни три натпревари против О.У. „Александар Македонски“ од Општина Аеродром,О.У. „Наум Наумовски - Борче“ од општина Гази Баба и О.У. „Димитар Миладинов“



Нашата екипа победи на два натпревари и го освоивме 2 (второто) место.

12. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

По повод Недела за борба против алкохолизам, наркоманија и пушење, Клубот на млади на Црвен крст – Шуто Оризари организираа работилница на тема:,,Штетното дејство и последиците врз здравјето на младите од консумирање на дрога, алкохол и цигари”.



Оваа учебна година беа реализирани систематски прегледи за учениците од прво, трето, петто и седмо одделение со цел поголема здрвствена заштита на учениците. Се вршеше и редовно вакцинирање на учениците согласно Акциониот план за вакцинирање од страна на Министерството за здравство.

Беа реализирани и стоматолошки прегледи за учениците од I, II, III, IV ,V, VI и VII одделение. На учениците од прво и второ одделение стоматолозите од Поликлиниката ,,Чаир” вршеа залевање на новоизникнатите заби.

Беше реализирано предавање од страна на стоматологот д-р Вера Алаџајкова од одделението за детска и превентивна стоматологија од Поликлиниката,,Чаир” на тема:,,Одржување на оралната хигиена” и ,,Правилна исхрана и контрола на внес на шеќери”.





Преку целата година беше остварена соработка со ЈЗО ,,Завод за здравствена заштита” – Скопје. и беа вршени епидемиолошки увиди на нашето училиште од страна на ЈЗО ,,Завод за здравствена заштита”. Беа одржани и неколку предавања на следниве теми:,,Заразни заушки, ,,Заразна жолтица”, ,,HPV” –вирус и превенција”.

13. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ПРИ ОУ„БРАЌА РАМИЗ-ХАМИД“ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2018-2019 ГОДИНА

Во учебната 2018/2019 година наставничкиот совет при ОУ„Браќа Рамиз-Хамид“ реализира наставнички совети на кои се дискутираше за актуелните прашања од работата на наставниците;

- РазгледувањеиконцепирањенаГодишнатапрограмазаработанаучилиштето
- Запознавањенанаставницитесопредлограспоредзазадолженијапонаставнипредметиипаралелки.
- Извештаизареализацијанагодишнатапрограмаипостигањатанаученицитевопретходнатаучебнагодина.
- ЗапознавањенанаставницитесоизмениидополненијанаЗаконотзаосновнообразование.
- Информирање на наставниците за организирани семинари, обуки и за можноста за сертифицирање на наставниците.
- Периодичниизвештаипокласификационипериодизапостигањата,поведениетоиредовностанаучениците.
- Периодичниизвештаиодкомисиизапрегледувањенаодделенскитедневници.
- Презентирањенапредлогмоделзаизработканадневнаподготовказановатаучебнагодина.
- Дискусиипопредлозинародители.
- Континуираноследењенадистрибуцијатанабесплатниучебнициправилникотзакористењенаистите.
- Активноучествовоодбележувањетона„Светскиот ден на Ромите-8 Април“.
- Апликација вопроекти.
- Давањемислењезаработатанаприправниците.
- Следењенастручнотоусовршувањенанаставниците.
- Давањеповратниинформациииододржанисеминари,натпревариидругиактивности.
- Информирањенасоветотзасогледувањатаодпосетитеначасовиодстрананадиректотротипедагогот.
- Информирање на наставниците за насоките за планирање и реализирање на наставата во наредната учебна година

14.ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ СОВЕТИ ПРИ ОУ„БРАЌА РАМИЗ-ХАМИД“ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2017-2018 ГОДИНА

Одделенските совети во изминатата учебна година работеа и реализираа активности за континуирано следење и оценување на успехот, редовноста и поведението на учениците, проценка на степенот на адаптација на учениците во прво и шесто одделение во различни временски периоди, изготвување и реализација на плановите за задоволување на потребите на децата со разниразвојни потешкотии и проблеми, третман на надарените и талентираните ученици, следење и насочување на социјализациските текови на учениците, унапредување на соработката помеѓу училиштето и родителите.

На одделенските совети, одделенските раководители ги изложуваа сознанијата за успехот, поведението и редовноста на учениците од своето одделение, вклученоста во воннаставните активности, секции и проекти. Се разгледуваше успехот на учениците по класификациони периоди, редовноста, поведението и дисциплината, напредувањето на учениците и учениците со посебни потреби како и учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини, разгледување на постигнувањата на високите резултати на учениците, особено на натпреварите. Исто така се вршеше осврт на реализацијата на наставниот материјал и други структурални подрачја. При реализацијата на годишната програма на Одделенските совети континуирано во соработка со директорот и стручната служба изнаоѓаат начин и преку тимската работа да се подобри успехот и постигнувањата на учениците, објективноста на оценувањето како поттик за подобрување на резултатите и изнаоѓање начини за мотивирање. Особено значајно е дека врз искажувањата на наставниците може да се констатира дека добро се планираат и водат родителските состаноци па од таму и соработката со родителите во поглед на постигнувањата и развојот на ученицитее на задоволително ниво.

15. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Родителите беа вклучени во процесот на учење со тоа што беа информирани за Наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

-преку Советот на родители;

-преку групни и индивидуални средби со наставници;

-преку стручната служба на училиштето;

Учеството на родителите во процесот на учење беше насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.Во активностите на училиштето беа земени во предвид дадените предлози од страна на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата, промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми. Како членови на органите на училиштето активно учествуваа во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл. Беа организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

16.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СТРУЧЕН АКТИВ НА ПРИРОДНО-ТЕХНИКА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИВО УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

ЦЕЛИ	СОДРЖИНА	РЕАЛЗАТОР	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА	РЕСУРСИ	ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ
Стекнување на нови	Договор за реализирање на годишната програмата за	Одговорниот	Август	Наставници од активот	Подобрен

научни сознанија и истите да ги примениме во наставата Подобрување на квалитетот на изготвување на рефлексија која ги детектира потребите на учениците Подобрување на квалитетот на наставните планови и програми Развивање на натпреварувачки дух во знаења по исти предмети меѓу учениците од различни одделенија Да се разменат искуства и	работа	наставник на активот			квалитет на наставата Подобрено следење на работата на учениците Примена на нови знаења за подобрување на рефлексија Успешна имплеметација на стекнатите знаења од реализираните, дебати, предавања, истражувања и отворени часови во формативно сумативно оценување, подобрување на
	Множење на броеви -Отворен час	Предметен наставник по математика Дамјан Вучков	Септември	Стручна и дополнителна литература, интернет, подготвени материјали од наставникот	
	Природно геогравски карактеристики на Африка (основни карактеристики) - Отворен час	Предметен наставник по географија Весна Илиевска	Октомври	Стручна литература, подготвени материјали од наставникот	
	Конвекција -Отворен час	Предметен наставник по физика Дамјан Вучков	Ноември	Стручна литература, подготвени материјали од наставникот	
	Работа со материјали и конструирање -Отворен час	Предметен наставник по техничко Влатко Коцевски	Декември	Стручна литература, подготвени материјали од наставникот	
	ДОГОВОР НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ЗА НАТПРЕВАРИ	Сите наставници	Јануари	Подготвени материјали од наставниците	
	Жонглирање и дриблинг со топка,запирање на играч во движењево напад со и без топка, движење на играч во одбрана и активности на играчите во напад и одбрана Отворен час	Предметен наставник по физичко и здравствено образование Марјан Дишлиевски	Февруари	Фискултурна сала	
	Прости супстанции соединанеија и цмеси -Отворен час	Ана Неделковска	Март	Демонстрации	

да се посочат позитивни примери кои ја унапредуваат наставата	Наследување на полот -Отворен час	Предметен наставник по биологија Веска Г.Макридис	Април	Стручна литература, подготвени материјали од наставникот	усна и писмена информација
	„Во пролет“ Ј.С. Бах – пеење на Песна по слух -Отворен час	Предметен наставник по музичко образование Екрем Јашар	Мај	Стручна литература, подготвени материјали од наставникот	

Претседател: Дамјан ВучковЗаписничар: Веска Гулабовска- Макридис

17. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СТРУЧЕН АКТИВ НА ЈАЗИЧНА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИВО УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

Август

Содржина: Креирање на Годишната програма

Цел: Да се креира Годишна програма и Акционен план според кои ќе работи Активот во текот на учебната година.

Реализирани активности: Се усвои Годишната програма за работа на стручниот актив на јазичната група предмети за учебната 2018/2019 година.

Септември

Содржина: Уредување на училишниот хол и кабинетите.

Цел: нормално одвивање на наставата и истовремено да се развие интелектуалната љубопитност за истражување.

Реализирани активности: уредени училници, училиштен хол исполнет со еко-активности, цртежи и литературни творби на учениците и поттикнување на креативни идеи за континуирано уредување на училишниот хол и кабинетите.

Октомври

Содржина: Работилницана тема: „Запознавање на учениците со меѓународниот празник „Ноќ на вештерките“.

Цел: Запознавање на учениците со начинот на празнување.

Реализирани активности: Преку употреба на интернет, хамери, слики учениците се поттикнати за изучување на други култури и обичаи

Ноември

Содржина :Поетско читање за Градот Скопје по повод 13 Ноември

Цел: Учениците подобро да се запознаат со граѓанскиот соживот низ историјата на градот Скопје.

Реализирани активности: Поетско читање за Градот Скопје, членови од литературна, рецитаторска и драмска секција интерпретираа песни за Скопје, како и лични творби.

Декември

Содржина: Отворен час: Креирање и изработка на подароци и Новогодишни честитки наменети за децата без родители и со посебни потреби.

Цел: Да се изработат подароци и Новогодишни честитки кои ќе бидат дадени на деца без родители, деца со посебни потреби во соодветните институции.

Реализирани активности: Учениците преку изработките на честитките го сфатија големото значење на хуманоста.

Февруари

Содржина: Презентација на германски филм

Цел: Поттикнување на интересот за германската култура и запознавање со современите текови во општествените настани на Германија.

Реализирани активности: Презентиран е филм преку кој учениците добија нови информации и беше поттикнат интересот и љубопитноста за истражување на германската кинематографија.

Март

Содржина: Творење по повод Денот на пролетта.

Цел: Соработка меѓу јазичните секции и обид за превод на творбите од македонски на другите јазицисо што ќе се овозможи и проширување на вокабуларот.

Реализирани активности: Учениците покажаа интерес и желба за извршување на обврските на начин соодветен на нивната возраст

Април

Содржина: Реализација на отворен час по повод 8- ми Април.

Цел: Подобро да се запознаат учениците со Ромскиот интернационален празник 8 . Април.

Реализирана активност: Одржани презентации на активите по македонски, англиски и германски јазик, со што ученците имаа аналитичен однос кон празникот, кон ромската култура, традиција и историја.

Мај

Содржина: Одбележување на 24 Мај – „Св.Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители - есеј.

Цел: Учениците подобро да се запознаат со значењето на дејноста на Св.Кирил и Методиј.

Реализирани активности: Учениците го разбраа и сфатија големото значење на „Св.Кирил и Методиј“ – Ден на сесловенските просветители, нивното големо значење кое произлегува од големата просветителска дејност за ширењето на словенската писменост и култура; посебно внимание се посвети на трите мисии кои ги реализирале Св.Кирил и Методиј.

Јуни

Содржини: Подготовка на извештај за реализираните активности во текот на учебната 2018/19 год.

Цел: Да се разгледаат силните и слаби страни од реализирањето на Акциониот план.

Реализирани активности: Наставниците ги анализираа: Годишна програма, тематско – процесни планирања, инструменти за следење и оценување на учениците и техники во наставата. Воедно се разви широка дискусија кој заклучоци треба да ги истакнеме во следната Годишна програма.

Претседател: Соња Станковиќ

Заменик претседател: Јасмина КостадиновскаЗаписничар: Мирјана Крстевска

18. Годишен извештај од Стручните активи во одделенска настава за учебната 2018/2019 година

Стручниот актив на одделенска настава одржа повеќе состаноци кои се записнички евидентирани. Според предвидената програма тековно се одржаа наследни часови и стручни предавања,состаноци на кои беа проследени сите информации, новини, укажувања барања, како и напатствија и насоки дадени од МОН и БРО.

На ден 22.10.2018год. одржан е состанок за усвојување на годишната програма за работа на стручниот актив во учебната 2018/2019г. и распоред на задолженија по програма.

На ден 13.11.2018г. се одржа наследен час во II-2 одделение по предметот македонски јазик,реализатор Габриела Стојковска.

На ден 12.12.2018г. се одржа наследен час во I-9 одделение по предметот физичко и здравствено образование,реализатор Веселинка Треноска.

На ден 29.03.2019г. се одржа наследен час во I-6 одделение по предметот математика,реализатор Амела Хаки.

На ден 23.04.2019г. се одржа наследен час во IV-6 одделение по предметот природни науки,реализатор Јованка Дигаловска.

На ден 23.05.2019г.се одржа наследен час во III-6 одделение по предметот ликовно образование,реализатор Емица Куч.

Претседател:Благица ЈовановиќЗаписничар:Дениза Мемедова

19. Извештај за Мултиетнички работилници на ниво на училиштеза учебната 2018/2019 година

Активностите се одвиваа со темата Екологија, насловена:,,Природата е една за сите нас“

Во периодот од декември 2018 до јуни 2019 со партнер училиштето ,,26 Јули“ со ученициод прво до девето одделение беа изреализирани 36 работилници и тоа:

1.Од прво до трето одд. 12 работилници на ниво на активи на тема:

,,Чисти раце – здраво детство“

На секоја работилница присуствуваа по 25 ученици и по 6 родители од ОУ,,Браќа Рамиз-Хамид“по 25 ученици и по 6 родители од ОУ,,26 Јули“ ,што значи дека во 4 работилници учествуваа вкупно 200 ученици и 24 родители.

Реализирани цели: Учениците да ја сватат важноста и значењето од одржување на хигиена,да се стекнат со здрави навики за хигиена,да ги споделат своите искуства и да ги споредат со хигиенските навики на различните етникуми,да научат да ги применуваат позитивните искуства се со цел подигање на свеста за одржување на личната хигиена и хигиената во околината.

2.Од четврто до шесто одд. 12работилници на ниво на активи на тема :

,,Правилно селектирање на отпад “

На секоја работилница присуствуваа по 25 ученици и по 6 родители од ОУ,,Браќа Рамиз-Хамид“по 25 ученици и по 6 родители од ОУ,,26 Јули“ ,што значи дека во 4 работилници учествуваа вкупно 200 ученици и 24 родители.

Реализирани цели: Меѓусебно запознавање,взаемно учење на зборовите на јазикот на различните етникуми, грижа, развивање и подигање на еколошката свест како и запознавање на учениците со важноста и значењето на здрава и чиста животна средина.

3.Од седмо до девето одд. работилници на ниво на активи на тема :

,,Хортикултура“

На секоја работилница присуствуваа по 25 ученици и по 6 родители од ОУ,,Браќа Рамиз-Хамид“по 25 ученици и по 6 родители од ОУ,,26 Јули“ ,што значи дека во 4 работилници учествуваа вкупно 200 ученици и 24 родители.

Реализирани цели: Меѓусебно запознавање,развивање и подигање на еколошката свест кај учениците,јакнење на свеста за важноста и значењето на хортикултурното уредување,професионална соработка меѓу наставниците со изнаоѓање решенија од заеднички интерес,воспоставување интерперсонална комуникација со припадниците на различни етникуми,намалување на предрасудите и почитување на различностите.

Активности кои ќе се реализираат по завршување на проектот:

Грижа за зеленилото,одржување на беспрекорна хигиена,селектирање на отпадот ја наметнува потребата од заедничко делување за решавање на проблемите кои не засегаат сите подеднакво оттука и потребата за работилници и средби со родители,ученици заеднички наставни и воннаставни активности.

Галерија:









20. ЗАКЛУЧОК:

Од целокупната работа и постигнатите резултати во изминатa учебна 2018/2019 година може да се согледа следново: Планираните активности за првото полугодие од учебната 2018/2019 година се реализиранимеѓутоа и оваа учебна година се јавуваат проблеми како што се:

-честото отсуство на учениците од настава и

-послабата соработка со родителите за што е потребно подигање на образовната свест, најнапред кај родителите.

Во иднина ќе се изведуваат задачите кои што досега се изведувале со цел подобрување на успехот на учениците:

-редовноста на учениците и намалување на неоправданите изостаноци;

-поголема соработка со родителите;

-воведување на нови форми и методи на настава, подигање на нивото на мотивираност на наставниот кадар и поголема соработка со останатите субјекти надвор од училиштето.

Според потребите предвидени со Годишната програма во текот на учебната 2018/19 година во нашето училиште редовно се реализираа слободни ученички активности.

Слободните ученички активности се организираа во областа на уметноста, науката, техниката, подигање на свеста за здравјето и со учество на учениците во културно уметнички и општествено хуманитарни содржини.

При определбата на ученикот во слободните активности примарно значење се даде на неговиот личен интерес и афинитети па во согласост со тоа, беа реализирани следните секции: Драмско-рецитаторскиот клуб, Литературна секција, Музичко образование, Фолклорна и танцова секција, Англиски јазик, Македонски јазик, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование и Библиотекарска секција.

Изработиле: В.Д.Директор:

Валентина Златановска – педагог Алвин Салимовски

21. СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Годишен извештај за работата на стручниот соработник- педагог во учебната 2018/2019 година

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните :

I подрачје: Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа

- Учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштетово учебната 2018-2019 година.
- Изготвување на годишна програма за сопствената работа.
- Изготвување месечни оперативни програми за сопствената работа со конкретизирани активности.
- Консултации и поддршка на наставниците при изготвување на годишните и тематските програми за работа, како и програмите за работа на додатна и дополнителна настава и слободни ученички активности, училишни организации и стручни активи.
- Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет.
- Учество во изработката на програмите на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби – ИОП.
- Учество во изработката на програмите за антикорупциска едукација
- Учество во изработката на процедура за работа на комисијата за избор на ученик на генерација.
- Изготвување на план за професионален развој на воспитно – образовниот кадар (наставниците).
- Изготвување на програмата за одбележување на позначајни датуми во текот на учебната година.
- Изготвување на сопствен план за професионален развој.

- Изготвување на програма за професионална информација и ориентација на учениците.
- Учество во изработката на процедура за работа со хронично болни деца и процедура за грижа за ученици со телесни пречки во развојот.
- Учество во изработката на програми за работа со надарени деца, деца со емоционални потешкотии и деца со посебни образовни потреби.
- Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување.
- Учество во изготвување програма за соработка со родители.
- Учество во изработка на програма за работа на Советот на родители.
- Учество во изработка на акционен план за работа на Инклузивниот тим.
-Учество во изработка на глобално планирање за Меѓуетничка интеграција во образованието.
- Учество во изработка на програма за работа на Еко одборот на училиштото.
- Учество во работа на проекти.
- Учество во изработка на планирања и активности за слободни ученички активности и воннаставни активности во училиштето.
- Учество во изготвување на програма за работа на ученичката заедница.
- Учество во изработка на програма за екскурзии и излети на училиштото.
- Учество во изработка на програма за грижа и заштита на здравјето на учениците.
-Учество во изработка на брошура- информатор за родителите за работата на училиштето…..

II подрачје: Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето

- Учество во следењето и стручна помош при организацијата на наставата по задолжителните и изборните предмети, додатната и дополнителната настава.
- Следење и вреднување на годишните и тематските планирања на наставниот кадар.
- Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови и увуд во дневните планирања на наставниците).

- Формирање на паралелки за прво одделение според одредени критериуми.
- Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња.
- Запишување на нови ученици и нивно распоредување во паралелки.
- Водење на педагошката евиденција во доменот на издавање преведници и прием на ученици со преведници од други училишта.
- Следење на прилагодеността (адаптација) на учениците од прво и шесто одд., како и на новодојдените ученици.
- Следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки,предмети и пол.
- Советодавно-инструктивна работа со учениците, наставниците и родителите (посебно за учениците се со три и повеќе слаби оценки, емоционални потешкотии и несоодветно однесување).
- Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето меѓу ученик, наставник и родител на индивидуално и групно ниво.
- Работа на превенција на појавите на насилно однесување на учениците.
- Следење на работата од проектите кои се реализираат во училиштето.
- Следење и учество во организација и реализација на вон-наставните активности.
- Следење на начинот и принципот на водење на педагошка евиденција и документација од страна на наставниците и приправниците.

III подрачје: Советодавно-консултативна работа со учениците, наставниците и родителите

- Педагошко - инструктивно групна и индивидуална, и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост.
- Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности.
- Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби.
- Давање помош и поддршка на учениците кои сами пројавиле интерес за помош во нивната работа од моја страна во постигнување на поставените цели од поучувањето.

- Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој (надарени), советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања.
- Следење и евиденција на освоените места и награди на учениците и учество на интерни, општински, регионални и републички натпревари.
- Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците.
- Помош и поддршка во изготвување на годишните, тематските и дневните планирања за работа на наставниците.
- Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес.
- Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник- родител.
- Помош и поддршка на на тимот за професионален развој и тимот за инклузија во училиштето, тимот за организација и спроведување на излети, екскурзии и воннаставни и наставни посети и активности, помош и поддршка на комисијата за избор на ученик на генерација и на тимот за антикорупциска едукација.
- Помош и поддршка на останатите стручни соработници.
-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања.
- Поддршка на тимот при оганизирање на приредба по повод 8 Април - Денот на Ромите.
- Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење.
- Учество во работата на стручните активи.
- Посета на часови со цел евалуација од набљудување на часовите и увид во дневните подготовки со пополнување на изготвените инструменти.
- Присуство на нагледни часови.

- Замена за отсутни наставници на редовните часови преку реализација на програмски содржини на педагогот.
- Поддршка, следење и унапредување на работата на наставниците со консултивно-советодавна работа.
- Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници.
- Реализирање работилници и други активности со учениците на различни теми (развивање хуманост, солидарност, справување со дискриминација, запознавање со правата на децата, но и со обврските од кои произлегуваат нивните права, нивните должности, почитување на куќниот ред на училиштето, запознавање со сите видови на ненасилна меѓусебна комуникација, еден од нив и резилентниот пристап при решавање на проблемите).
- Советодавна работа со наставниците при реализирање на проекти.
- Стручна помош на приправниците во секојдневната работа и полагањето на приправничкиот испит.
- Поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата.
- Советодавна работа со наставниците при изготвување личен план за професионален развој.
- Водење на педагошки картон за работата на наставниците.
- Водење на професионално досие на наставниците од предметна настава.
- Ментор и поддршка на менторите во работното воведување на приправниците со совет, практична работа, стручна литература и следење на нивната работа преку давање насоки за изготвување на извештаи за реализација на програмата на реализираните активности на приправникот дадени од страна на менторот.
- Соработка со родителите преку разговори и медумска афирмација на училиштето.
- Педагошко инструктивна и советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината.
- Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми
- Предавање на тема: "Значењето на тимската работа во подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес" на наставниците.
- Предавање на тема: "Стекнување вештини за менаџирање со училницата„ на наставниците.
- Предавање на тема: "Правата, обврските и должностите во училиштето како институционална и воспитно-образовна установа“ на учениците.

- Предавање-разговор на тема: "Примена на техники за полесно учење“ на учениците со слаби оценки.
- Предавање на тема: "Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство“ и активности со Тимот за превенција на учениците во училиштето..
- Предавање на тема: „Конфликти, ненасилна комуникација и медијација“ на наставниот кадар и учениците.
- Предавање на родителска средба на тема: Односи родители - деца "Разговор и слушање".

IV подрачје: Аналитичко-истражувачка работа

- Изготвување извештај и анализа на упехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на прво тримесечие и првото полугодие.
- Изготвување на извештај и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава.
- Изготвување на извештај од одделенските совети на крајот на првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и на крај година.
- Учество во изготвување на полугодишниот извештај за работата на училиштето и негово презентирање на Наставнички Совет.
- Изготвување на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа.
- Изготвување на извештаи од посетени презентации, трибини, научни собири...
- Спроведена анкета на тема: „Социјални мрежи“.
- Спроведена анкета на тема: „ Адптација на шестите одделенија од одделенска во предметна настава“.
- Спроведена анкета на тема: „Продолжување на идното образование “.
- Учество во анализа, план и обуки според потребите за професионалниот развој на наставниците.
- Спроведено истражување,,Увид и подобрување на почетното читање кај учениците од второ одделение" и „Проверка на читачките способности на учениците во второ одделение".

V подрачје: Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување

- Соработка со МОН, БРО, Локалната самоуправа (Општина Шуто Оризари), Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија, УКИМ- Филизофски факултет - Институт за педагогија, ЈУДГ “Детска радост“, основни и средни училишта, медиуми....

- Соработка со УКИМ – Филозовски факултет, Институт за педагогија организирање на педагошка и методска практика на студентите од трета година.

- Соработка со „Центар за човекови права“ и „Светска Банка“ во рамки на програмата „Социоемоционални вештини за подобри образовни резултати“.

- Соработка со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ во спроведување на многубројни зеднички обуки, тренинг и активности со наставници и ученици, и одбележување на значајни датуми.

- Учество во обука за примена на списанијата за деца во воспитно образовниот процес во организација на УКИМ, Филозовски факултет-Институт за Педагогија и Просветно дело.

- Учество во активности организирани од страна на ЕКО-одборот на училиштето.

- Соработка со Американскиот центар за интернационална едукација „YES Алумни“- Скопје.

- Учество, организација и спроведување на активности предвидени од Планот за професионален развој на училиштето.

- Соработка со Сојузот на хемичари и технолози на Македонија во учество, координација и организација на општински натпревар по хемија.

- Соработка со амболантата Шуто Оризари и поликлиниката Чаир во делот на здравствена заштита на учениците.

- Соработка со Црвен Крст на Македонија како и со СВР Скопје во координација на предавањата во рамки на училишниот клуб на превенција.

- Соработка со Агенцијата Грај Ворлдвајд во организација и реализација на предавања на ученичките од шесто одделение, како составен дел од Always Училишната Програма.

- Редовно присуство и активно учество на состаноците на Собранието на Здружението на педагози на град Скопје “Современ педагог” како негов член.

- Редовно присуство и активно учество на состаноците на Здружението на педагози на град Скопје “Современ педагог”.
- Соработка со локалната средина преку разговори и медумска афирмација на училиштето и локалната средина.
- Перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература.

VI подрачје: Педагошка евиденција и документација

- Годишна програма за работа на педагогот.
- Месечни-оперативни планови за работа.
- Хронолошки дневник за работа.
- Евиденција за соработка со ученици, наставници и родители.
- Водење педагошки картон за работа со наставниците.
- Водење на професионално досие на наставниците од одделенска настава.
- Документација за извршената аналитичко-истражувачка

Стручен соработник – педагог

Валентина Златановска

Годишен извештај за работата на психологот во текотна учебната 2018/2019 година

Мојот прв работен ден како психолог во основното училиште “Браќа Рамиз и Хамид” започна на 21.05.2019 година. Во соработка со педагогот, бевме во посета на невладината организација “Дендо Вас” каде што на родителите им објаснивме која документација им е потребна за упис на првачиња, инструкции за полесно справување со одбивноста на децата кон училиштето и се одговораше на прашањата кои родителите ги поставуваа. Заедно со педагогот реализиравме посета на подрачното училиште во с. Горно Оризари.

Дел од моите активностите во овој период беа:

- посета на часови.
- советодавна работа со ученици (поттикнување и мотивирање).
- советодавни разговори со родители (самоинцијатвно или по нивно барање).
- советодавна работа со наставници.
- водење дневник за работа со ученици, наставници и родители.
- активно учество во комисијата за упис на првачиња.
- учество во работата на Наставничкиот совет.

Стручен соработник – психолог

Лоренса Демир

Годишен извештај за работата на стручниот соработник–Специјален Едукатор-Рехабилитатор (Дефектолог) во учебната 2019 година.

Во текот на учебната 2019 год. од (23.01.2019год.) од предвидените работни задачи и активности, според оперативна програма за работа со ученици со ПОП, со цел подобрување на инклузивниот процес и воспитно – образовната дејност на училиштето, реализирани се следниве активности:

I Запознавање на Училиштето наставниот кадар и учениците со ПОП.

- Во привиот наставнички совет од второто учебно полоугодие, целовкупниот наставен кадар бил запознает со новиот Дефектолог како и со работата, задачите, активностите на училиштето и Дефектологот.

- Запознавање со наставниците кој имат деца со ПОП во своите одделенија.

- Заеднички состанок со наставниците кои работат со ИОП и наставниците кои работат со диференцирани пристапи и цели. со цел за подобра комуникација ,кординација, постигнати цели тековна работа потешкотии при работата со учениците со ПОП.

Запознавање со работата и тековните активностите, како и учество за Реформирање (проширување) на инклузивниот тим, воведување на нови членови , методи, техники, идеии во понатамошното работење на ИТ.

- Вклучување во програмата за работа на Инклузивниот Тим на училиштето.

- Изготвување на програма, за соработка со родители на учениците со ПОП

- Консултации и поддршка на наставниците при идентификација на учениците со ПОП.

-Учество во планирањето и координација на воннаставни активности.

- Учество во изработка на процедура за работа на хронично болни деца и процедура за грижа на ученици со телесни пречки во развојот.

- Учество во изготвување на програма за превенција од насилно однесување и промовирање на ненасилна комуникација.

- Учество во изработка на акционен план за работа на Инклузивниот тим.

II Работа со ученици

- Учество во комисијата и кординација за запишување на ученици во училиште (прво одделение).

- Давање помош на учениците, наставниците, родителите.

- Подготвување документи (планови, процедури, насоки, препораки) за идентификикување на образовните потреби на учениците за обезбедување соодветна поддршка.

- Организирање и реализирање различни видови индивидуална и групна работа со учениците, поврзана со учењето, успехот, комуникацијата и социјализацијата.

- Прибирање податоци за причините поради кои доаѓа до потешкотии во учењето (индивидуални разговори и дискусии во фокус групи).

- Информирање на наставниците и родителите за посебните образовни потреби на учениците и давање соодветни препораки.

- Опсервирање и идентификување на посебните образовни потреби на учениците.

- Опсервација на часови, со цел детекција, превенција, и проценка на ученици.

- Соработка со колегите – членови од инклузивниот тим во училиштето.

- Координирање при изготвување на индивидуалните образовни планови за учениците со посебни образовни потреби.

- Учество во приспособување на наставните содржини согласно потребите и можностите на учениците.

- Учество при планирање и користење различни видови стратегии и приоди во наставниот процес на учениците со посебни образовни потреби.

- Интервенирање при несоодветно однесување (агресија, непочитување на правилата на однесување на училиште и сл. на учениците, како и на учениците со посебни образовни потреби.

- Следење на постигањата на учениците согласно поставените цели во индивидуалниот образовен план и учествување во ревизија на истиот доколку има потреба.

- Реализирање работилници и други активности со учениците на различни теми (развивање хуманост, солидарност, справување со дискриминација, запознавање со правата на децата, но и со обврските од кои произлегуваат нивните права, нивните должности, запознавање со сите видови на ненасилна меѓусебна комуникација, како и комуникација со наставниците.

- Координација во вклучување на учениците со посебни образовни потреби во сите воннаставни активности.

- Испитување на информираноста и заинтересираноста на учениците за понатамошно образование и вработување.

- Индивидуално и групно советување на учениците и родителите за правилниот избор на понатамошното образование или професија.

-Организирање и реализирање активности (предавање, работилница) со ученици со типичен развој, за запознавање на меѓународен дена на Лицата со Даунов Синдром и Аутизам.

III Работа со наставници

- Следење на наставата и работата со учениците со посебни образовни потреби и за различните аспекти кои се опсервирани давање повратна информација(писмена или усна) на наставниците.

- Правење увид во квалитетот на планирањето на наставата и консултации со наставниците со цел подобрување на сите аспекти од индивидуалните образовни планови.

- Помагање на наставниците да ги земат во предвид индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди при планирање и реализирање на наставата, како и поставување на цели, според нивните можности и потреби.

- Организирање и реализирае информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата на учениците со посебни образовни потреби.

- Пружање стручна помош во подготовка и реализација на интерактивната настава.

- Давање насоки (групни, индивидуални) за документирање на постигањата на учениците со посебни образовни потреби.

- Давање на стручна помош на наставниците при избор и изработка на инструменти, техники и методи за оценување на учениците со посебни образовни потреби.

- Давање поддршка на наставникот за конкретизирање на целите, задачите и содржините кои ќе се обработуваат со учениците со посебни образовни потреби.

- Запознавање на наставниците со карактеристиките, како и со различните начини на кои учат учениците со посебни образовни потреби.

- Помагање на наставникот да ги согледа причините за несоодветното однесување и предлагање на стратегии за надминување и заедно со наставникот следење на ефектите од превземените мерки.

- Упатување на наставниците кон поефективна соработка и комуникација со родителите

- Помош при детекција на нови ученици со ПОП.

IV Работа со родители

- Запознавање со родителите на децата со ПОП и одобрување на согласност од родител за работа со ученик со ПОП.

- Споделување на информации за учењето и однесувањето на ученикот со посебни образовни потреби на соодветен начин со родителот.

- Реализирање индивидуални и групни консултации за поддршка на родителите (начин на комуникација, поддршка во учењето, работа со своите деца во домашни услови, мотивирање за учење, развивање и јакнење на самодовербата и сл.).

- Информирање на родителите на децата со посебни образовни потреби за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и упатување до релевантни институции за помош. Државни Институци, НВО сектор. Зруженија за деца со ПОП.

- Планирање и овозможување вклучување на родителите во одделни сегменти од воспитно – образовната работа.

- Целосна подршка за прифакање, советување, и упатување во релевантни институции со родителите на новите детектирани ученици со ПОП.

V Соработка со локалната заедница и стручните институции

- Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците.

- Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми.

- Соработка со здруженијата и НВО на граѓани кои реализираат програми за деца и млади.

- Соработка со Локална самоуправа (Општина Шуто Оризари), Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа.

- Соработка со СОС детско село. за децата од ранливи категории, и деца од згрижувачки семејства.

- Учество на работен состанок во рамки на проектот,,Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство во соработка со Националното координативно тело за борба против насилството на и меѓу учениците.

- Координација и подготовки за создавање на Тим од успешни ученици.

-Учество на обука за инклузивно Образование како и подготовка на ИОП.

- Учество на обука на тема, Подобрување и зајакнување на Училишната клима.

-Учество во изготвување на програма за превенција од насилно однесување и промовирање на ненасилна комуникација.

VI Аналитичко – истражувачка работа

- Учество во спроведено истражување,, Причини и Потешкотии како и адаптација во училишниот процес.

Стручен соработник – дефектолог

Емир Кадри

Годишен извештај за работата на стручниот соработник-библиотекар м-р Милка Тримчевска за учебната 2018/2019 год.

Реализираните активности на библиотекарот во текот на учебната 2018/2019 год. произлегоа од планираните активности согласно со Програмата за работа на библиотекарот, како и од активностите поврзани со тековните потреби на наставниот процес и работата на библиотекарот. Во целост активностите на библиотекарот се поврзани со стручно – библиотечната и културно – јавната функција на училишната библиотека, како и воспитно-образовната дејност на училиштето. Библиотекарот ги реализираше следниве активности:

- Уредување на просторот на училишната библиотека
- Прием на бесплатни учебници од проектот на Министерството за образование и наука, водење електронска евиденција на учебниците, како и ажурирање на податоците во записници за прием на учебниците;
- Печатирање и доделување на учебниците на одделенските раководители, односно на учениците и евидентирање на соодветните податоци во записниците за доделување на учебниците;
- Следење на состојбата за оштетени учебници и нивна соодветна замена со нови учебници
- Зачленување на членовите на училишната библиотека и запознавање со правилата и обврските на користење на книжниот фонд во училишната библиотека
- Вршење на библиотекарски услуги на учениците и наставниците и уредно водење на библиотечната евиденција и документација за вршење на библиотекарски услуги;

- Иницијатива, водење и директно ангажирање за расчистување и средување на библиотеката и други помошни простории со неупотребливи и употребливи учебници
- Преорганизација на книжниот фонд
- Архивирање на употребливите учебници, електронско и пишано заведување и евиденција
- Воведување на систем за ажурирање на податоците за употребливи и оштетени учебници
- Раководење со електронскиот систем од Педагошка служба , МОН
- Пополнување на табели за постоечка сосојба на учебници,оштетени учебници потребни учебници за 2018/19 година
- Изработка на формулари за предметни наставници, одговорни на активи и контрола на процесот
- Изработка на документација за достава до МОН
- Изработка на документи за формирање комисија за прием на учебници и овластување за прием на учебници
- Следење на состојбата за оштетени учебници и нивна соодветна замена со нови учебници
- Одржување редовни состаноци со членовите на секцијата во просториите на училишната библиотека и реализација на програмските содржини
- Вршење на библиотекарски услуги на учениците и наставниците и уредно водење на библиотечната евиденција и документација за вршење на библиотекарски услуги
- Присуство и учество на одделенските и наставничките совети;
- Инструктивна групна и индивидуална работа на учениците поврзана со изнајмените прочитани книги преку усна и писмена форма (препишување, раскажување, илустрација на прочитана содржина, рецитација, разработка на содржина и сл.)
- Примена на современи форми и методи на работа на училишната библиотека, односно организирани часови и предавања во библиотеката согласно со програмски содржини
- Планирање за набавка на лектирни изданија
- Иницијатива за увид во педагошката евиденција на наставниците, односно на одделенските дневници и нудење поддршка и помош
- Грижа за збогатување на книжниот фонд на библиотеката преку организирање на собирна акција во којашто учествуваат ученици, родители и наставници и организирање на собирна акција по моја иницијатива
- Член на Тимот за професионален развој
- Посета на обуки , семинари и предавања на теми од формалното и неформалното образование
- Реализирање на обука за библотекарот како стручен соработик (обучувач)
- Нудење стручно- инструктивна поддршка на останатите стручни соработници и наставниците

- Нудење помош и поддршка на тимот за професионален развој и тимот за инклузија во училиштето (состаноци, записници, активности)
- Поттикнување на наставниците за посета на обуки организирани од надворешни обучувачи
- Соработка со родителите и локалната средина преку разговори и медумска афирмација на училиштето
- Замена за отсутни наставници на редовните часови преку реализација на програмски содржини на библиотекар (на пр.: пишување писмен состав, поттикнувањена љубов кон пишаниот збор и читањето)
- Учество во реализација на одделенските и наставничките совети
- Учество на обуки, презентации и дебати
- Стручна помош на наставници
- Иницијатива за кампања за намалување на нередовното посетување на настава на ученицие и именување како координатор на Кампањата од страна на директорот научилиштето
- Одржување на состаноци и реализирање на активности во според програма на Кампањата
- Спроведување и финализирање на Кампањата

- Соработка со локалната самоуправа, надлежни институции и локалната заедница
- Нудење поддршка и помош за учество во изготвувањето на Полугодишниот извештај и Годишниот извештај за работата на училиштето учебната 2018/2019 година
- Обучувач на интерна обука„Изготвување на личен план за професионален развој“
- Поддршка при оганизирање на приредба по повод 8 Април - Денот на Ромите
- Нудење поддршка на менторите во работното воведување на приправниците со стручна литература и следење на нивната работа преку давање насоки за изготвување на извештаи за реализација на програмата на реализираните активности на приправникот;
- Евиденција на невратените позајмени книги во училишната библиотека
- Организирање динамика на активности за враќањето учебници и водење електронска евиденција за истите (записници и формулари за враќање на учебниците)
- Организација и реализација на презентации и дебати
- Водење на библиотекарската секција
- Член на подкомисија за упис на првачиња
- Учество на состаноци на МИМО тимот водени од советничката за образование во општина „Шуто Оризари“

- Завршен курс „ Техничка обработка на податоци на библиотечен фонд“ –Народна универзитетска библиотека – Скопје
- Член на Асоцијацијата на најдобар наставник на EX YU
- Сертификат за учество на конференција „Светот на образованието ги брише границите“-Будва
- Сертификат за учество во постер презентација – Кампања „Сите на час“ – Будва
- Благодарница за несебична помош и поддршка во афирмација на наставничката професија во земјите во просторот на поранешна YU
- **Титула за најдобар наставник во земјите од поранешна Југославија**- титула стекната по исполнување на услови и критериуми на највисоко ниво - Асоцијација на најдобри наставници во EX YU/ Будва, 1 јуни 2019
- Афирмација на училиштето преку настани, презентации и активности
- Медиумска афирмација на училиштето

Стручен соработник - библиотекар

м-р Милка Тримчевска

Годишен извештај за работата на Училишниот одбор за учебната 2018 / 2019 година

Работата на Училишниот одбор е содржана во Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Составен е од 9 члена согласно Законот за основно образование:

1. Виолета Митовска - претседател, претставник од МОН

2. Билјана Иваноска – заменик претседател, претставник од наставниците

3. Сејдо Јашаров – претставник од наставниците

4. Дијана Стефановска Љубисављевиќ - претставник од наставниците

5. Фата Османовска – претставник од локална самоуправа

6. Измир Сали – претставник од локална самоуправа

7. Фахри Сали– претставник од родителите

8. Фадил Џемал – претставник од од родителите

9. Екрем Илјаз – претставник од родителите.

Седниците на Училишниот одбор се одржуваа според предвидената годишна програма и по потреба (по барање на директор, наставнички совет, локална самоуправа). Целите и содржините кои се разгледуваа беа предвидени во ,,Дневниот ред,, на свиканите седници и истите внесени во ,,Записниците,, кои тековно се изготвуваа од страна на записничарот Дијана Стефановска Љубисављевиќ. Се донесуваа одлуки во зависност од потребата, како и од настаната ситуација.

Седниците ги закажуваше претседателот на Училишниот одбор, Виолета Митовска.

Организацијата на седниците, подготовка на материјалите беа спроведени од страна на претседателот на УО, Виолета Митовска.

Спроведени активности:

Училишниот одбор беше во постојана соработка и комуникација со директотот на училиштето и локалната самоуправа, а сето тоа овозможи управувањето и раководењето на училиштето да биде на професионално ниво и во интерес на самото училиште. За спроведените активности постојат записници и одлуки во правна служба.

Изготвил

Виолета Митовска